Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

MIOA301-P5-Z14

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНА ОБУКА НА ТЕМА „Антикорупциски мерки во јавната администрација "

Архивски бр. __________
Дата:

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."Св. Кирил и Методиј" бр. 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

Ве информираме дека Министерството за информатичко општество и администрација согласно активностите предвидени со Годишната програма за генерички обуки на административните службеници во Република Македонија за 2018 година, на 27 ноември 2018 година (вторник) во Центарот за обуки на Министерството во Скопје, реализираше обука на тема „**Антикорупциски мерки во јавната администрација ".**

На обуката беше претставена и разработена областа на Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси и Стратешките документи и акциони планови за превенција на корупцијата и судирот на интереси; Имплементирањето на меѓународни антикорупциски конвенции и Етиката во државната служба. Истата ја реализираа државни службеници- практичари од Државната комисија за спречување на корупција и Агенцијата за администрација.

Целна група на обуката беа административни службеници вработени во органите на централната власт чие што работење е тесно поврзано со оваа проблематика.

На обуката присуствуваа вкупно 16 административни службеници од централна и локална власт.